**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ**

# П Р О Г Р А М А
# ЗА НАЧИНОТ НА СТРУЧНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ И ПРОВЕРКА НА СТРУЧНАТА ПОДГОТВЕНОСТ НА ПРИПРАВНИЦИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

**Скопје, септември 2007 година**

Врз основа на членот 60 став 4 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на РМ" бр. 2/2006), министерот за правда донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА НАЧИНОТ НА СТРУЧНОТО ОСПОСОБУВАЊЕ И ПРОВЕРКА НА СТРУЧНАТА ПОДГОТВЕНОСТ НА ПРИПРАВНИЦИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

## В О В Е Д:

Со оглед на фундаменталното значење на работите што ги врши секторот за обезбедување во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи, стручното оспособување и проверката на стручната подготовеност на приправниците во секторот за обезбедување се наметнува како суштествена потреба. За таа цел, затворската управа мора да спроведе внимателна селекција уште при вработувањето на нови припадници на секторот за обезбедување или при подоцнежното нивно постапување на определени работни места.

Посебно внимание треба да се посвети на нивната стручност, чесност, хуманост во постапувањето, како и професионалната способност и лична прилагодливост на тој вид работа. Остварувањето на ваквата цел е полесна доколку е проследена со активно учество на самиот припадник во стручното оспособување, а посебно ако остручувањето е проследено со лично и професионално задоволство.

Покрај солидните психофизички способности, припадникот на секторот за обезбедување треба да се одликува со примарен и коректен однос, професионално и стручно извршување на должностите, така што со свој личен пример ќе предизвика респект кај осуденичката популација.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основната цел на програмата е преку програмски содржини да се врши остручување на приправниците во секторот за обезбедување, да сеподига професионалното ниво на повисок степен на ефикасност и на повисоки хумани

стандарди, како и да се создава посериозен однос спрема своите должности, а како крајна цел поадекватно учество на припадникот во третманот на осудените лица.

Програмските содржини опфаќаат прашања од областа на кривичното право, кривичната постапка, пенологијата, како и познавање на општите прописи од работењето на службата за обезбедување.

Проверката на стручната подготвеност ја врши комисија која ја именува директорот на Управата за извршување на санкциите согласно член 60 став 3 од Законот за извршување на санкциите.

## I. ОСНОВИ НА КРИВИЧНОТО ПРАВО И КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

1. Кривичното дело - поим; нужна одбрана; крајна нужда – поим, кривична одговорност;
2. Пресметливост, умисла и небрежност, стварна и правна заблуда;
3. Подготвување и обид на кривично дело (подготвување, обид, неподобен обид и доброволно откажување);
4. Соизвршителство; поттикнување; помагање;
5. Начин, време и место на извршување на кривичното дело;
6. Видови казни и нивна поделба, казна затвор и доживотен затвор, парична казна;
7. Видови на казнено-поправните установи за изрекување на казната затвор и право на условен отпуст;
8. Засметување на притворот на поранешната казна;
9. Мерки на безедност – цел и видови;
10. Видови на воспитни мерки и избор на воспитна мерка;
11. Кривични дела против животот и телото (карактеристики на главата);
12. Убиство;
13. Тешка и телесна повреда;
14. Кривични дела против слободата и правото на човекот и граѓанинот (карактеристика на Главата);
15. Противправно лишување од слобода;
16. Торутра - член 142;
17. Малтретирање во вршење на службата;

18. Нарушување на неповредливост на домот и противзаконско вршење на претрес;

19. Кривични дела против половата слобода и половиот орал – (карактеристики на Главата);

20. Кривични дела против здравјето и луѓето (карактеристики на Главата);

21. Несовесно лекување болни;

22. Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството (карактеристика на Главата);

23. Фалсификување на пари;

24. Недозволена трговија;

25. Кривични дела против имотот (карактеристика на Главата);

26. Кражба; тешка кражба;

27. Разбојничка кражба, разбојништво;

28.Кривични дела против службената должност (карактеристика на Главата);

29. Злоупотреба на службената положба и овластување;

30. Проневера во службата;

31. Примање и давање поткуп;

32. Бунт на лица лишени од слобода;

33. Бегство и овозможување бегство на лице лишено од слобода;

34. Основни начела на кривичната постапка;

35. Странки во кривичната постапка:

а) тужител и обвинител;

б) јавен обвинител, оштетениот како тужител и приватен тужител;

в) обвинетиот како субјект на кривичната постапка

г) постапување со притворени лица.

**Литература: Кривичен законик и Закон за кривичната постапка**

## II. ПЕНОЛОГИЈА

1.Цел на извршувањето на казната затвор;

2.Основни начела во извршувањето на казната затвор;

3.Надлежни органи за извршување на санкциите;

4.Установи за извршување на санкциите (видови, мрежа, надлежност);

5.Организација на казнено-поправните установи (сектори);

6.Судија за извршување на санкциите;

7.Раководење со Управата за извршување на санкциите и со казнено-поправните установи;

8.Надзор во работата на казнено-поправните установи (видови и органи);

9.Упатување и прием на осудени лица на издржување на казната затвор;

10.Права и погодности на осудените лица;

11.Работно ангажирање на осудените лица и права што од тоа произлегуваат;

12.Здравствена заштита на осудените лица;

13.Образование на осудените лица;

14.Слободни активности, спорт и рекреација на осудените лица;

15.Контакти со надворешниот свет на осудените и притворените лица;

16.Прогресирање и репрогресирање на осудените лица;

17.Преместување на осудените лица;

18. Прекин на издржувањето на казната на осудените лица;

19.Однос на службените лица спрема осудените лица;

20.Видови одговорност на осудените лица;

21.Дисциплински казни спрема осудените лица, постапка за нивно изрекување и извршување;

22.Видови на средства на присилба и нивна употреба;

23.Фаќање на избегано осудено лице;

24.Основи за отпуштање на осудените лица од издржување на казната;

25.Условен отпуст на осудените лица;

26.Известување за смрт на осудено лице;

27.Разлики помеѓу осудено и притворено лице.

**Литература: Закон за извршување на санкциите**

## III. ПРИМЕНА НА ПРОПИСИТЕ ВО ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ВО СЕКТОРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

1. Организација на секторот за обезбедување на казнено-поправните установи;

2. Звања на припадниците на секторот за обезбедување и нивните ознаки;

3. Работни задачи на секторот за обезбедување;

4. Начин на вршење на работите на секторот за обезбедување;

5. Постапување со осудените и притворените лица;

6. Дежурна служба;

7 Надворешно обезбедување;

8. Внатрешно обезбедување;

9. Спроведување на осудените лица;

10. Постапка во случај на бегство;

11. Вооружување и опрема на припадниците на секторот за обезбедување во КПУ;

12. Расклопување и склопување на пиштол, ПАП и АП;

13.Службени легитимации на припадниците на секторот за обезбедување;

14. Употреба на огнено оружје;

15. Употреба на гумена палка;

16. Употреба на хемиски средства;

17. Претрес на осудени и притворени лица и простории;

18. Соработка на припадниците на секторот за обезбедување во процесот на ресоцијализација на осудените лица.

**Литература: Закон за извршување на санкциите и подзаконските акти на Законот.**

Оваа Програма стапува во сила по потпишувањето од страна на министерот за правда.

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
Михајло Маневски

Број 07-1011/1
24.09.2007 година
С к о п ј е